# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

*16.01.2026 година * Број 1 * Година XX *
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, Јануари, 2026 година

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје, бр.11-132/1 од 12.01.2026 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-311/1**
**Датум:16.01.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Број: 11 - 132/1
Датум: 12.01.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24, а во согласност со член 118, став 5 и став 6 и член 109 став 7 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/20, .229/20, 3/25, 74/25 и 250/25) , Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје**

1. Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на вршител на должноста на директорот **АЛЕКСАНДРА СМИЛКОВСКА** во основното општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош - Скопје, поради истек на мандат на вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош, Скопје.

2. Поради истек на мандатот на вршител на должноста на директор, лицето **АЛЕКСАНДРА СМИЛКОВСКА** се распоредува на соодветно работно место во училиштето, каде работела пред да биде избрана за директор, за вршење работи кои одговараат на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка, во основното општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош, Скопје. .

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето Александра Смилковска беше именувана на функцијата вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ со Решение за именување бр.11-7467/6 од 15.07.2025 година.

Согласно член 109, став 7 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/20, .229/20, 3/25, 74/25 и 250/25) се утврдува истек на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош , Скопје.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Емилија Арсовска, с.р.
Раководител на одделение за образование
Проверил: Гордана С.Зафировска, с.р.
Раководител на сектор за дејности од јавен интерес

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Сотир Лукровски, с.р.

**Доставено до:**

- ООУ „Аврам Писевски“
- Именуваната
- Одделение за образование и
- Архива

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски “, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решение за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје, бр.11-132/2 од 12.01.2026 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-311/2**
**Датум:16.01.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Број: 11 - 132/2
Датум: 12.01.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ) а во согласност со член 118, став 1,став 5 и став 6 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20, 3/25, 74/25 и 250/25 ), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски “, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје**

1. Поради престанок на функцијата вршител на должноста на директор во ООУ„Аврам Писевски“ с. Бардовци, Општина Карпош за вршител на должноста директор од редот на вработените во ООУ „Аврам Писевски“, с. Бардовци, Општина Карпош, СЕ ИМЕНУВА лицето **СЛОБОДАНКА ПЕШЕВСКА,** дипломиран професор за предучилишно воспитание.

2. Функцијата вршител на должноста на директор именуваната од точка 1 на ова решение ќе ја врши до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 12.01..2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето Александра Смилковска беше именувана на функцијата вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ со Решение за именување бр.11-7467/6 од 15.07..2026 година.

Согласно член 118, став 5 и став 6 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/20, .229/20, 3/25, 74/25 и 250/25) се утврдува истек на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ Општина Карпош , Скопје .

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Емилија Арсовска, с.р.
Раководител на одделение за образование
Проверил: Гордана С. Зафировска, с.р.
Раководител на сектор за дејности од јавен интерес

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Сотир Лукровски, с.р.

Доставено до :
- Именуваната,
- Одделение за образование
- ООУ„Аврам Писевски“ и
- Архива

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје, бр.11-132/4 од 14.01.2026 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-311/3**
**Датум:16.01.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Број: 11- 132/4
Датум: 14.01.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ), а во согласност со член 118, став 5 и став 6 и член 109 став 7 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/20, .229/20, 3/25, 74/25 и 250/25) , Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

**за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје**

4. Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на вршител на должноста на директорот СЛОБОДАНКА ПЕШЕВСКА во основното општинско училиште „Аврам Писевски“, с. Бардовци, Општина Карпош-Скопје, поради лично барање за престанок на мандат на вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски“ , с. Бардовци, Општина Карпош, Скопје.

5. Поради престанок на мандатот на вршител на должноста на директор, лицето СЛОБОДАНКА ПЕШЕВСКА се распоредува на соодветно работно место каде работела пред да биде избрана за директор, за вршење работи кои одговараат на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка, во основното општинско училиште „Аврам Писевски“, с. Бардовци, Општина Карпош, Скопје. .

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето Слободанка Пешевска беше именувана на функцијата вршител на должност на директор на основно општинско училиште со Решение за именување бр.11- 132/2 од 12.01.2026 година.

Врз основа на лично барање на лицето Слободанка Пешевска бр.02-06/1 од 13.01.2026 година, архивирано во Општина Карпош со бр.11-132/3 од 13.01.2026 година, а согласно член 116, став 1 алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25 ), се утврдува престанок на мандатот на вршител на должност на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош - Скопје .

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Емилија Арсовска, с.р.
Раководител на одделение за образование
Проверил: Гордана С.Зафировска, с.р.
Раководител на сектор за дејности од јавен интерес

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Сотир Лукровски, с.р.

**Доставено до:**

- ООУ „Аврам Писевски“
- Именуваната
- Сектор за дејности од јавен интерес и
- Архивата

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски “, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решение за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје, бр.11-132/5 од 14.01.2026 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-311/4**
**Датум:16.01.2026 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Број: 11- 132/5
Датум: 14.01.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ) а во согласност со член 118, став 1,став 5 и став 6 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20, 3/25, 7/25 и 250/25), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски “, с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје**

3. Поради престанок на функцијата вршител на должноста на директор во ООУ„Аврам Писевски“ с.Бардовци, Општина Карпош за вршител на должноста директор од редот на вработените во ООУ „Аврам Писевски“, с. Бардовци, Општина Карпош, СЕ ИМЕНУВА лицето **АЛЕКСАНДРА СМИЛКОВСКА.**

4. Функцијата вршител на должноста на директор именуваната од точка 1 на ова решение ќе ја врши до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 14.01..2026 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето Слободанка Пешевска беше именувана на функцијата вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ со Решение за именување бр.11-132/2 од 12.01..2026 година.

Врз основа на лично барање на лицето Слободанка Пешевска бр.02-06/1 од 13.01.2026 година, архивирано во Општина Карпош со бр.11-132/3 од 13.01.2026 година, а согласно член 116, став 1 алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), се утврдува престанок на мандатот на вршител на должност на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош - Скопје .

Согласно член 118, став 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/20, .229/20, 3/25, 74/25 и 250/25) се именува лицето Александра Смилковска за вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ с.Бардовци, Општина Карпош, Скопје .

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Емилија Арсовска, с.р.
Раководител на одделение за образование
Проверил: Гордана С.Зафировска, с.р.
Раководител на сектор за дејности од јавен интерес

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Сотир Лукровски, с.р.

Доставено до :
- Именуваната,
- Одделение за образование
- ООУ„Аврам Писевски“ и
- Архивата

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

Со оваа службена белешка се констатира дека во Службен гласник бр.23/2025 е направена техничка грешка во Одлука бр. 09-11690/15. Одлуката гласи, како следи:

Врз основа на член 22, став 1 точка 13, како и врз основа на одредбите од Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборен процес број 08-4741/1 од 14.11.2025 година, донесен од Државната изборна комисија, согласно со Известувањето со достава на извештаи и табеларни прегледи за испплата бр. 11-484/1 од 21.11.2025, заведено во Општина Карпош под бр. 09-10860/1 од 25.11.2025 година, Советот на Општина Карпош на 6.седница, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
**за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош за извршената работа во подготовката и спроведувањето на Локалните избори 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за извршена работа во подготовка и спроведување на Локалните избори 2025 година на членовите на Општинската изборна комисија - Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош, согласно Правилникот за критериумите за определување на надоместокот на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборен процес, донесен од страна на Државната изборна комисија на (бр. 08-4741/1 од 14.11.2025 година) (во натамошниот текст: Правилникот).

**Член 2**

На членовите на Општинската изборна комисија - Карпош, која во своја надлежност има 74 избирачки одбори, а врз основа на член 6, член 9 и член 10 од Правилникот им се определува надоместок, и тоа:

– На претседателот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 72.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На заменикот претседател на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 65.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На секретарот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 62.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;
– На членот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 59.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;
– На заменик членот  на Општинската изборна комисија -Карпош му се определува надоместок од 44.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;
– На заменик секретарот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок од 31.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;
Во општините каде се одржувал втор круг на гласање, надоместокот за целокупниот состав на општинските изборни комисии се зголемува за 25% .
Во постапка за организација на локални избори на претседателот, потпретседателот, членовите, заменик членовите, секретарите и заменик секретарите на општинската изборна комисија, им се определува дополнителен надоместок за постапување по поднесени кандидатски листи и тоа за поднесени од 11 (единаесет) до 18 (осумнаесет) кандидатски листи надоместок од 7.500.00 денари.

**Член 3**

Врз основа на член 16 од Правиликот на претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори кои во својата надлежност имаат од 601 до 900 гласачи им се определува следниот надоместок:
– На претседателот на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 20.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;
– На заменикот претседател на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 18.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;
– На членот и на заменик членот на избирачкиот одбор им се определува надоместок во висина од 16.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;
Исто така, според член 18, став 2 од Правилникот, на претседателот, членовите и нивните заменици во избирачките одбори кои што спровеле гласање на болни и немоќни лица, надоместокот предвиден за избирачките одбори се зголемува за 20 %.

**Член 4**

Врз основа на член 17 од Правилникот на претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори кои во своја надлежност имаат над 901 гласачи, се определува следниот надоместок:
– На претседателот на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 22.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На заменикот претседател на избирачкиот одбор определува надоместок во висина од 20.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;
– На членот и на заменик членот на избирачкиот одбор им се определува надоместок во висина од 18.000,00 кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;
Исто така, според член 18, став 2 од Правилникот, на претседателот, членовите и нивните заменици во избирачките одбори кои што спровеле гласање на болни и немоќни лица, надоместокот предвиден за избирачките одбори се зголемува за 20 %.

**Член 5**

Надоместокот за членовите на Општинската изборна комисија - Карпош за целиот изборен процес изнесува 892.500,00 денари.
Надоместокот за членовите на избирачките одбори за целиот изборен процес на гласање изнесува 13.535.200,00 денари.
Вкупниот надоместок за целиот изборен процес изнесува 14.427.700,00 денари и ќе се врши исплата согласно доставените извештаи и табеларни прегледи за исплата до Општина Карпош со податоци за поединечни износи од страна на Општинската изборна комисија со број 11-484/1 од 21.11.2025 година.

**Член 6**

Надоместокот од членот 5 од оваа Одлука, ќе биде обезбеден од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година. Исплатата се врши на начин пропишан за трезорско работење согласно Законот за извршување на буџетот за тековната година.

**Член 7**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-11690/5**
**Датум: 26.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов, с.р.**

**Број: 09-311/5**
**Датум: 16.01.2026 година**
**Скопје**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА**
**И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ**
**Јелена Цветковиќ, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување
2. Решение за именување директор во основно општинско училиште „Аврам Писевски“ с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување
3. Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ с.Бардовци, Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување
4. Решение за именување директор во основно општинско училиште „Аврам Писевски“с.Бардовци , Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување
5. СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци